# ЗАПИС ОД СВЕШТЕНИКОТ ДИМИТРИЈА: „РОДЕН СУМ МАКЕДОНЕЦ И СЛУЖБАТА ЈА ТЕРАМ ПО СЛОВЕНСКИ”

*(1865 година)*




“…Јас ереј Димитрија, роден сум во с. Огут, Кривопаланечко... За моето назначување се заложи најмногу г-н Михаил Македонски, зашто сум роден Маќедонец и службата ја терам по славјански.

Од Бога било пишано моето отечество Македонија да страда од Грците, па тие не ни двааат и денес мир, иако сите знаат дека Македонија била постара држава и од нивното царство. Ние сме си имале наши словенски учители и просветители Кирил и Методија, кои ни го оставија нашето словенско писмо. Тие се родум Македонци од Солун, славната престолнина на Македонија. Тоа не ни го признава владиката Грк, па затоа ние не сакаме да пастирува, туку да си имаме наш архипастир Словен, во веки веков. Амин...”

Запис од книгата “Житие светих” во Кривопаланечката црква;